# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

# Месечна информација 10/2011

ноември, 2011 година

**Резиме**

**НБРМ и во текот на октомври 2011 година ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 4%.** Притоа, најновите макроекономски податоци и понатаму упатуваат на релативно поволен амбиент за спроведување на монетарната политика. Имено, **годишната стапка на инфлација продолжи да забавува и во октомври се сведе на 3,3%**, и покрај малата позитивна месечна стапка на инфлација од 0,3% заради сезонскиот пораст на цените на свежата храна. Во периодот јануари-октомври 2011 година, просечната годишна стапка на инфлација се сведе на 4,1%, при сè уште **ниска просечна базична стапка на инфлација од 1,2%.** Се очекува дека ваквите поволни движења ќе продолжат до крајот на годината. Според најновите проекции, во последниот квартал на 2011 година се очекува годишна стапка на инфлација од 3,4%, со што се очекува дека **просечната инфлација во 2011 година ќе се сведе на 3,9%**. **Девизните резерви и понатаму се одржуваат на соодветно ниво и се збирно повисоки за 124 милиони евра, во однос на крајот на 2010 година.** Сепак, при понагласени ризици поврзани со неизвесното решавање на должничката криза во евро-зоната и ефектите врз глобалната економија, потребата за поголема „будност" при водењето на монетарната политика е уште понагласена.

**Расположливите високофреквентни податоци за економската активност и агрегатната побарувачка за третиот квартал упатуваат на побавен годишен раст на економијата во споменатиот период од годината.** Имено, за периодот јули-август, стапката на годишен раст на **вредноста на извршените градежни работи** изнесува 11,9%, што претставува значително забавување во споредба со остварувањата во вториот квартал (раст од 60,1%). Прометот во **трговијата на големо** бележи годишен пад од 0,3%, наспроти растот од 10,2% во вториот квартал. Кај **сообраќајот во телекомуникациите и трговијата на мало** растот на годишна основа умерено забрзува и достигнува 17,4% и 9,6%, соодветно. **Физичкиот обем на индустриското производство** во септември забележа пад од 2,3% на годишна основа, предизвикан од намаленото производството на прехранбени производи, метали и метални производи (висока споредбена основа) и на електрична енергија. Со тоа, во третиот квартал, растот на обемот на индустриското производство забави и се сведе на 1,4%, на годишна основа. Забавениот раст на извозот на интермедијарни производи, стоки за широка потрошувачка и на енергија услови послаб годишен раст на **извозот на стоки** во третиот квартал од 17,6% (31,5% во вториот квартал). Растот на **увозот на стоки** во истиот период е приближно на нивото од претходниот квартал (20,9%, годишно), при најголем придонес на интермедијарните производи и енергијата.

**Од аспект на индикативните категории на агрегатната побарувачка,** падот на државните капитални инвестиции, значително забавениот годишен раст на увозот на средства за работа и на кредитите на претпријатијата во третиот квартал, како и забавениот раст на извршените градежни работи во периодот јули-август, во реални показатели, **се во прилог на очекувањата за послаба инвестициска активност во текот на третиот квартал**. Од друга страна, забрзаната динамика на реален раст на кредитите на секторот „население" и повисоките приходи од ДДВ во третиот квартал, како и засилениот раст на прометот во трговијата на мало во периодот јули-август 2011 година, се во прилог на очекувањата за раст на **личната потрошувачка и во третиот квартал на годината, за која се очекува дека ќе биде главен носител на растот**.

Во согласност со последните расположливи податоци, **во периодот јули-август 2011 година беше забележан суфицит во тековната сметка на билансот на плаќања од 11,2 милиона евра, или 0,1% од БДП,** наспроти малиот дефицит (2,8 милиони евра) остварен во истиот период од претходната година. Поволната динамика кај салдото се должи на подобрените остварувања кај сите компоненти на тековната сметка, со исклучок на продлабочувањето кај трговскиот дефицит. **Кај капиталната и финансиска сметка, во анализираниот период беа забележани нето-одливи од 56,5 милиони евра, или 0,7% од БДП.** Од аспект на високофреквентните податоци во надворешниот сектор, и покрај влошувањето кај трговското салдо во септември, сепак најновите движења на менувачкиот пазар се поповолни од очекуваните. По годишниот раст во септември, нето-откупот на девизи во октомври дополнително забрза (годишен раст од 29,3%). На 31.10.2011 година, **бруто девизните резерви** изнесуваа 1.838,6 милиони евра. Досегашната динамика на девизните резерви во голема мера соодветствува со очекувањата, упатувајќи на нивно натамошно одржување на соодветно ниво.

Во октомври 2011 година продолжи умереното засилување на годишниот раст на кредитирањето на приватниот сектор, при истовремено задржување на стапката на раст на штедењето. Имено, **во октомври 2011 година, годишната стапка на раст на вкупните кредити на банките изнесуваше 8,3% (8,1% во септември),** за што повторно најмногу придонесуваше растот на корпоративните кредити, од аспект на секторската структура, и на долгорочните кредити, од аспект на рочната структура**.** Според најновите проекции, до крајот на годината се очекува умерено засилување на растот на кредитите на банките кон приватниот сектор од 9,2%, на годишна основа. **Во октомври, вкупните депозити се повисоки за 10,4% на годишна основа (10,5% во септември)** и засега се во согласност со очекувањата за нивен натамошен умерен раст до крајот на годината.

**Непроменета поставеност на монетарната политика во октомври...**




Извор: НБРМ.

Во октомври, каматната стапка на благајничките записи на НБРМ се задржа на нивото од 4%, утврденово декември 2010 година.

**... при минимално зголемување на цените на месечна основа...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Потрошувачките цени бележат минимален месечен раст од 0,3%, додека годишната стапка на инфлација и натаму забавува (поврзано со започнатиот посилен раст на цените од пред една година). Кај базичната инфлација и натаму не се забележуваат позначителни придвижувања.

**... и соодветно ниво на девизните резерви.**




Извор:НБРМ.

На крајот на октомври, девизните резерви изнесуваа 1.838,6 милиони евра, одржувајќи се на соодветно ниво.

**Во октомври продолжува забавувањето на годишната стапка на инфлација ...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Месечниот раст на потрошувачките цени во октомври е предизвикан од сезонските влијанија поради повисоките цени на свежата храна (главно од зеленчукот и овошјето) и цените на облеката и обувките. Годишната стапка на инфлација забави и се сведе на 3,3%.

**... а годишната инфлација во евро-зоната се задржа на 3%.**




Извор: Еуростат. * претходен податок

Во октомври, годишната стапка на инфлација во евро-зоната остана на нивото од септември (3%), исто како и годишната стапка на базична инфлација (2,0%). На месечна основа, цените растат за 0,3% предизвикани главно од повисоките цени на облеката и обувките.

**Задржување на цената на нафтата над 110 САД-долари за барел во првата половина на ноември.**




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД и НБРМ.

Просечната цена на суровата нафта во октомври бележи минимален месечен пад од 1,3% и изнесува 109,5 САД-долари за барел. Во периодот од 1 до 21 ноември цените на нафтата на светските берзи во просек се на нивото од 111,3 САД-долари за барел. На 21.11.2011 година, РКЕ донесе одлука за зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати за 3,17%[1].

[1] Зголемувањето произлегува од растот на цената на суровата нафта на светски берзи (2,1%) и од депрецијацијата на денарот во однос на САД-доларот (0,9%).

**Реалниот годишен пад кај платата во економијата зајакна во август.**




Извор: ДЗС.

Во август е забележано номинално месечно и годишно зголемување на нето-платата (од 0,5% и 1,8%, соодветно). Највисок месечен раст е забележан кај дејноста „рударство и вадење камен". Реалниот годишен пад на просечната нето-плата умерено зајакна и изнесува 1,7% (пад од 1,3% во јули), при пад на платите кај речиси половина од дејностите.

**Мал годишен пад на индустриското производство во септември...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Индустриското производство во септември 2011 година се намали на годишна основа (за 2,3%), при два последователни месеци со понизок обем на производство (месечен пад од 7,6% и 2,7% во август и септември, соодветно).

**... при најголем придонес на производството на прехранбени производи, електрична енергија, метали и на метални производи**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Годишниот пад се должи на намаленото производство кај речиси 60% од гранките, коишто сочинуваат околу 55% од индексот. Најголем придонес кон падот има намаленото производство на прехранбени производи, метали, метални производи (висока споредбена основа) и на електрична енергија[2]. Сепак, во третото тримесечје на 2011 година е остварена годишна стапка на раст на индустриското производство од 1,4%.

[2] Годишниот пад кај производството на електрична енергија се должи на намаленото производство и на термоцентралите и на хидроцентралите.

**Очекувањата на компаниите во септември за производството во следните три месеци се понеповолни од оние од претходниот месец.**




Извор: ДЗС.

Оценките на раководителите од преработувачката индустрија во септември за тековната состојба, како и за просечното искористување на капацитетите е речиси идентично во последните два месеца. Сепак очекувањата за производството во следните три месеци се понеповолни во споредба со претходниот месец, при очекувања за пониски продажни цени и помал број вработени.

**Кај останатите сектори од економијата, позитивната динамика продолжува и во август...**




Извор: ДЗС.

Останатите сектори од економијата во август 2011 година бележат мало забрзување на годишната динамика на раст, при највисок раст кај вредноста на извршените градежни работи. Сепак, остварувањата во последните два месеца упатуваат на значително забавување на стапките на раст во однос на претходните остварувања (особено изразено кај вредноста на извршените градежни работи и трговијата на големо).

**... така што во периодот јули-август, речиси сите сектори бележат раст, но со значително забавување кај градежништвото...**




*Податоците за кв.3 2011 се однесуваат на периодот јул-авг 2011 година.

Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Во периодот јули-август 2011 година, речиси сите сектори бележат реален раст на годишна основа, при што телекомуникациите и трговијата на мало бележат мало засилување на годишниот раст. Наспроти високите стапки на раст во претходните два квартала, вредноста на извршените градежни работи бележи значително забавување на динамиката на реален годишен раст, додека трговијата на големо повторно се врати во зоната на негативни годишни стапки.

**... за кое се очекува дека и понатаму ќе го задржи надолниот тренд.**




Извор: ДЗС.

Во септември 2011 година вкупната вредност на издадените одобренија за градење бележи годишен пад, за што најмногу придонесува падот кај високоградбата.

Според расположливите податоци за индикативните категории за агрегатната побарувачка, во третото тримесечје се очекува забавување на годишниот раст на економската активност[3].

---

[3] Види прилог табели број 6, 7 и 8.

**Во август е забележано подобрување на салдото на тековната сметка...**




*Позитивните годишни промени се однесуваат на намалување на дефицитот/зголемување на суфицитот во тековната сметка.

Извор:НБРМ.

Во август беше остварен суфицит на тековната сметка (од 21,8 милиони евра), што претставува вообичаена сезонска динамика. На годишна основа, салдото на тековната сметка се подобри, за разлика од движењата во претходните два месеца.

**... најмногу како резултат на намалениот дефицит кај доходот ...**




*Позитивните годишни промени се однесуваат на намалување на дефицитот/зголемување на суфицитот во тековната сметка.

Извор: НБРМ.

За ваквата позитивна годишна промена придонесуваат сите компоненти на тековната сметка, со најзначителен придонес на намалениот дефицит кај доходот (резултат на високата споредбена основа во истиот месец од минатата година, кога беше забележана исплата на дивиденда кон странските инвеститори од страна на едно поголемо домашно претпријатие).

**... додека во капитално-финансиската сметка се забележани нето-одливи...**




Извор:НБРМ.

Истовремено, во капитално-финансиската сметка беа забележани нето-одливи од 19,1 милион евра.

**... што најмногу се должи на валутите и депозитите.**




Извор: НБРМ.

Забележаните капитални нето-одливи речиси во целост се однесуваат на категоријата валути и депозити, нето (главно поради намалување на девизните обврски на банките), додека незначителен дел отпаѓа на портфолио-инвестициите. Кај сите останати ставки во капитално-финансиската сметка се забележани нето-приливи.

**Трговскиот дефицит во септември бележи проширување на годишна основа...**




Извор:ДЗС.

Во септември, дефицитот во надворешнотрговската размена се продлабочи за 58,1 милион евра на годишна основа.

**... поради повисоката годишна стапка на раст на увозот во споредба со растот на извозот...**




Извор:ДЗС.

Извозот на стоки забележа годишен пораст од 19,3%, додека увозот на стоки оствари годишна стапка на раст од 33,1%, со тоа задржувајќи го трендот на раст што започна во јули оваа година.

**... растот на извозот главно произлегува од интермедијарните производи...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Порастот на извезените интермедијарни производи има најголем придонес за годишниот раст на извозот, при значително помал позитивен придонес на останатите извозни категории.

**... а повисокиот увоз е резултат на увозот на интермедијарни производи и енергија...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Годишниот раст на увозот во најголем дел се должи на зголемувањето на увозот на интермедијарни производи и на енергија, дополнето со раст на увозот кај стоките за широка потрошувачка и капиталните производи. Увозот на возила е единствената категорија каде што е забележано намалување.

**... при мали промени кај РЕДК...**




Извор: НБРМ.

Во септември, кај показателите за ценовната конкурентност на македонската економија не се забележуваат поголеми поместувања, на годишна основа. РЕДК мерен според трошоците на животот апрецира незначително (0,2%), додека РЕДК мерен според индексот на цените на производителите на индустриски производи апрецира, но сепак со забавено темпо (2,1%).

**... во услови на апрецијација на НЕДК на годишна основа.**




Извор:НБРМ.

Во септември, индексот на НЕДК забележа апрецијација на годишна основа (од 1,5%), главно заради апрецијацијата на денарот во однос на турската лира и руската рубља. Релативните цени пресметани според двата ценовни индекса забележаа дивергентни движења (релативните потрошувачки цени забележаа пад, а релативните цени на производителите оствarija раст).

**Зголемен е нето-откупот на менувачкиот пазар во десеттиот месец од годината...**




Извор:НБРМ.

Во октомври, нето-откупот на менувачкиот пазар бележи забрзана динамика на годишен раст (29,3%). Анализирано на збирна основа, нето-откупот е повисок за 1,8% во споредба со истиот период од претходната година.

**... како резултат на повисокиот раст на понудата на девизи, во споредба со растот на побарувачката**




Извор:НБРМ.

Во текот на октомври, понудата и побарувачката на девизи продолжија да растат на годишна основа, при што порастот на понудата (од 22,7%) значително го надмина порастот на побарувачката (од 1%).

**Збирен раст на девизните резерви од почетокот на годината...**




Извор:НБРМ.

Од почетокот на годината до крајот на октомври, бруто девизните резерви бележат збирен раст (од 124 милиони евра).

**... главно поради повлечените средства од кредитната линија на ММФ.**




Извор:НБРМ

Растот на девизните резерви во најголем дел се должи на средствата од кредитната линија за претпазливост на ММФ повлечени од страна на државата, а потоа и на позитивните валутни промени и промени на цената на златото.

**Годишниот раст на примарните пари во октомври со забавена динамика...**




Годишниот раст на примарните пари во октомври забави (0,7%), при пад на вкупните ликвидни средства на банките (со поголем интензитет, во споредба со падот во претходниот месец) и натамошен раст на готовите пари во оптек, но со поумерена динамика во однос на претходниот месец.

**... на месечна основа е остварен раст, во услови кога автономните фактори и монетарните инструменти, нето, придонесоа за креирање примарни пари.**




Примарните пари на месечна основа забележаа раст, наспроти падот во претходниот месец, во услови кога и автономните фактори (трансакциите на НБРМ со државата и девизните трансакции на НБРМ) и монетарните инструменти, нето[4], придонесоа за креирање примарни пари.

**Годишниот раст на депозитите во октомври на нивото од претходниот месец...**




Вкупните депозити (со вклучени депозитни пари)[5] во октомври се повисоки за 10,4% на годишна основа (при забележан месечен раст), што е речиси на истото ниво од претходниот месец (10,5%), кога беше забележано намалување на вкупните депозити на месечна основа.

[4] На 01.10.2011 година, стапија во сила измените во Одлуката за управување со ликвидносниот ризик на банките (донесени на 15.09.2011 година) со коишто се предвидува интегрирано следење на ликвидноста на банките, независно од валутата, преку одржување единствена стапка на ликвидност (за разлика од дотогашното следење на стапките на ликвидност одделно за позициите во денари и во девизи). Како резултат на ваквите промени дојде до промени во структурата на ликвидносната актива на банките, односно тие извршија пренасочување на средствата инвестирани во запис за шестмесечен депозит кај НБРМ во благајнички записи на НБРМ. За измените во доменот на управување со ликвидносниот ризик на банките, подетално види во одлука за управувањето со ликвидносниот ризик на банките („Службен весник на РМ" бр. 126/2011).

[5] Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

**...од валутен аспект, растот и натаму во поголем дел е предизвикан од растот на депозитите во домашна валута...**



Извор: НБРМ.

Позначителен придонес во годишниот раст на вкупните депозити и понатаму имаат денарските депозити, при забележано зголемување на придонесот на девизните депозити.

**... од секторски аспект, новото штедење на годишна основа претежно произлегува од секторот „домаќинства“...**



Извор: НБРМ.

Растот на вкупните депозити во најголем дел произлегува од зголеменото штедење на домаќинствата, при забележано зајакнување на позитивниот придонес од страна на депозитите на претпријатијата од приватниот сектор.

**... од рочен аспект, позначителен е придонесот на долгорочните депозити.**



Извор: НБРМ

Како и во претходниот месец, долгорочните депозити и во октомври имаат поголем придонес кон растот на вкупните депозити, додека позитивниот придонес на краткорочните депозити се намалува втор месец по ред.

**Годишниот раст на најшироката парична маса со забавена динамика во октомври...**




Извор: НБРМ.

Во октомври, годишната стапка на раст на монетарниот агрегат М1 беше речиси на истото ниво како и во претходниот месец, додека монетарните агрегати М2 и М4 растеа со забавена динамика. Следствено, годишната стапка на раст на М4 се сведе на 10,2% (10,5% во септември).

**... како резултат на забавениот раст на готовите пари во оптек и на краткорочните депозити.**




Извор: НБРМ.

Забавувањето на стапката на раст на М4 во октомври во најголем дел произлегува од намалениот позитивен придонес на готовите пари во оптек и на краткорочните депозити, при умерено зајакнување на позитивниот придонес на долгорочните депозити и на депозитните пари.

**Мало забрзување на годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Во октомври, вкупните кредити продолжија да се зголемуваат со умерена динамика, при што на годишна основа се зголемија за 8,3%, наспроти 8,1% во претходниот месец.

**... од валутен аспект, растот во најголем дел е предизвикан од девизните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот во годишниот раст на вкупните кредити, девизното кредитирање и понатаму е најзастапено, при речиси непроменета структура на придонесите на одделните валутни компоненти во однос на претходниот месец.

**... од секторски аспект, корпоративните кредити и понатаму со најголема улога во годишниот раст на вкупните кредити...**

*во %*




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот на двата главни сектора, годишниот раст на вкупните кредити и понатаму во најголем дел се должи на растот на корпоративните кредити.

**... од рочен аспект, порастот на вкупните кредити е во целост резултат на растот на долгорочните кредити.**




Извор: НБРМ.

Продолжува трендот на најголем придонес на долгорочните кредити во годишниот раст на вкупните кредити, при натамошен негативен годишен придонес на краткорочните кредити.

**Намалување на показателот за покриеност на кредитите со депозити**




Извор: НБРМ.

Во октомври е забележано намалување на овој показател, во споредба со претходниот месец, како резултат на посилниот раст на депозитите во однос на кредитите. Ваквото движење на показателот укажува на помала искористеност на депозитниот потенцијал за кредитирање од страна на банките во октомври и постоење простор за поголема кредитна активност во наредниот период.

**Месечно намалување на каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити во октомври.**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити покажуваат тенденција на месечно намалување, при непроменета основна каматна стапка на НБРМ. Исклучок на ваквите движења е каматната стапка МКДОНИА којашто забележа благ раст на месечна основа.

**Вкупната денарска активна и пасивна каматна стапка во септември е на нивото од претходниот месец...**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на вкупните денарски кредити и депозити во септември се задржаа на нивото од претходниот месец.

**...при непроменето ниво на вкупната девизна активна и пасивна каматна стапка.**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на девизните кредити повторно е на нивото од јули 2010 година (по малиот месечен раст во јули 2011 година), при што каматната стапка на девизните депозити е задржана на истото ниво од јули 2011 година.

**Благ раст на каматните стапки на новоодобрените денарски кредити и новопримените денарски депозити...**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на новоодобрените денарски кредити и новопримените денарски депозити бележат мал раст на месечна основа.

**... при раст на каматната стапка на новоодобрените девизни кредити.**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на новоодобрените девизни кредити бележи раст на месечна основа, при непроменето ниво на каматната стапка на новопримените девизни депозити во последните шест месеци.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1

## ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | X.2011<br>IX.2011 | X.2011<br>X.2010 | I-X.2011<br>I-X.2010 | X.2011<br>IX.2011 | X.2011<br>X.2010 | I-X.2011<br>I-X.2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *промена во %* | | | *придонес во процентни поени* | | |
| **Вкупно** | ***0.3*** | ***3.3*** | ***4.1*** | ***0.3*** | ***3.3*** | ***4.1*** |
| **Исхрана** | **0.5** | **4.3** | **6.7** | **0.2** | **1.7** | **2.5** |
| Производи од жито | 0.2 | 12.4 | 12.2 | 0.0 | 0.8 | 0.8 |
| Свеж и преработен зеленчук | 3.0 | -2.7 | 2.0 | 0.1 | -0.1 | 0.1 |
| Свежо и преработено овошје | 1.3 | -1.8 | 6.2 | 0.0 | -0.1 | 0.2 |
| Свежо и преработено месо | -0.2 | 3.1 | 2.5 | 0.0 | 0.3 | 0.2 |
| Свежа и преработена риба | -0.1 | 2.4 | 1.8 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Свежо и преработено млеко | 0.5 | 3.5 | 3.5 | 0.0 | 0.2 | 0.2 |
| Свежи јајца | -0.7 | 7.4 | 10.8 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Маснотии | -0.1 | 7.7 | 31.5 | 0.0 | 0.1 | 0.5 |
| **Тутун и пијалаци** | **0.0** | **0.3** | **1.0** | **0.0** | **0.0** | **0.1** |
| **Облека и обувки** | **1.1** | **0.9** | **1.3** | **0.1** | **0.1** | **0.1** |
| **Домување** | **-0.1** | **3.4** | **3.7** | **0.0** | **0.6** | **0.6** |
| Стан (станарина, вода, услуги) | -0.2 | 4.8 | 6.2 | 0.0 | 0.1 | 0.2 |
| Огрев и осветление | -0.1 | 4.6 | 4.6 | 0.0 | 0.5 | 0.5 |
| Греење и услуги | -0.2 | 3.0 | 5.2 | 0.0 | 0.1 | 0.2 |
| Електрична енергија и осветлување | 0.0 | 5.4 | 4.3 | 0.0 | 0.4 | 0.3 |
| **Хигиена и здравје** | **-0.2** | **3.9** | **3.0** | **0.0** | **0.3** | **0.3** |
| **Култура и разонода** | **-0.1** | **2.2** | **-1.0** | **0.0** | **0.1** | **-0.1** |
| **Сообраќајни средства и услуги** | **0.3** | **3.6** | **3.4** | **0.0** | **0.5** | **0.5** |
| Течни горива и масла | 1.1 | 15.5 | 13.7 | 0.0 | 0.6 | 0.5 |
| Сообраќајни и птт услуги | 0.0 | -2.3 | -0.5 | 0.0 | -0.1 | 0.0 |
| **Ресторани и хотели** | **0.1** | **1.5** | **1.6** | **0.0** | **0.1** | **0.1** |
| **Останати услуги неспомнати на друго место** | **-0.5** | **1.1** | **-0.4** | **0.0** | **0.0** | **0.0** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Табела 2

## ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | последни месеци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | авг 11 | сеп 11 | окт 11 |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 0.5 | 1.1 | 1.8 | 2.9 | 4.1 | 4.7 | 3.6 | 3.6 | 3.4 | 3.3 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 0.5 | 0.8 | 1.1 | 1.6 | 4.1 | 4.4 | 4.1 | 4.2 | 4.1 | 4.1 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2.6 | 0.3 | 0.2 | -0.2 | 0.1 | 0.2 | 0.6 | 1.0 | 1.2 | 1.3 | 1.2 | 1.5 | 1.3 |
| Регулирани цени | 9.3 | -1.8 | 11.3 | 12.9 | 11.9 | 9.9 | 10.3 | 7.1 | 6.9 | 6.8 | 6.9 | 7.5 | 7.5 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10.2 | -7.0 | 8.7 | 7.3 | 10.5 | 8.4 | 8.6 | 13.6 | 11.6 | 10.2 | 11.1 | 10.0 | 8.6 |
| Продуктивност | 1.9 | -4.2 | 0.4 | 0.2 | 2.9 | 1.1 | -2.4 | -0.1 | 2.7 | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата* | 10.3 | 9.8 | 3.0 | 3.3 | 2.2 | 2.9 | 3.6 | 1.9 | 1.5 | - | 1.8 | - | - |
| Реална нето-плата* | 1.9 | 10.8 | 1.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | -3.1 | - | -1.7 | - | - |

*За 2009 година податокот е корегиран од структурната промена поради примената на концептот за бруто-плати, кој ги вклучува надоместоците за храна и превоз во платите.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

## Табела 3

### НОМИНАЛНА И РЕАЛНА НЕТО-ПЛАТА ПО ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ*

| | 2011 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Кв.1** | **Кв.2** | **јуни** | **јули** | **авг.** | **Кв.1** | **Кв.2** | **јуни** | **јули** | **авг.** |
| | *номинални годишни промени во %* | | | | | *реални годишни промени во %* | | | | |
| **Вкупно** | 1.9 | 1.5 | 3.4 | 2.5 | 1.8 | -2.1 | -3.1 | -0.7 | -1.3 | -1.7 |
| ***Земјоделство*** | -1.2 | 3.8 | 5.6 | 4.6 | 4.9 | -5.1 | -0.9 | 1.4 | 0.8 | 1.3 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | -1.2 | 3.8 | 5.6 | 4.6 | 4.9 | -5.1 | -0.9 | 1.4 | 0.8 | 1.3 |
| ***Индустрија*** | 2.2 | 2.9 | 4.1 | 2.7 | 3.6 | -1.8 | -1.8 | 0.0 | -1.1 | 0.0 |
| Рударство и вадење на камен | 7.8 | 3.6 | 5.7 | 3.5 | 9.5 | 3.5 | -1.1 | 1.5 | -0.3 | 5.7 |
| Преработувачка индустрија | 4.4 | 3.9 | 6.1 | 3.9 | 4.6 | 0.3 | -0.8 | 1.9 | 0.1 | 1.0 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -2.7 | 1.0 | 5.8 | 0.4 | -0.2 | -6.6 | -3.6 | 1.6 | -3.3 | -3.7 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2.3 | 4.7 | 2.9 | 6.6 | 3.1 | -1.7 | 0.0 | -1.2 | 2.7 | -0.5 |
| Градежништво | 3.5 | 3.0 | -2.1 | 1.2 | 3.9 | -0.6 | -1.7 | -6.0 | -2.5 | 0.3 |
| ***Услуги*** | 3.0 | 5.1 | 8.3 | 6.8 | 3.7 | -1.0 | 0.4 | 4.1 | 2.9 | 0.1 |
| Трговија на големо и трговија на мало;поправка на моторни возила и мотоци | -0.6 | -1.8 | -6.4 | -0.9 | 2.2 | -4.5 | -6.2 | -10.1 | -4.5 | -1.4 |
| Транспорт и складирање | 2.4 | 2.5 | 2.3 | 13.0 | 5.1 | -1.6 | -2.1 | -1.7 | 8.9 | 1.4 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 0.0 | -0.9 | -1.8 | 0.1 | -0.8 | -3.9 | -5.4 | -5.7 | -3.6 | -4.2 |
| Информации и комуникации | 1.2 | 23.8 | 50.5 | 5.2 | 0.2 | -2.8 | 18.3 | 44.6 | 1.3 | -3.3 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11.0 | 2.4 | 4.4 | 3.4 | 4.6 | 6.6 | -2.2 | 0.3 | -0.4 | 1.0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | -4.2 | -1.4 | 2.3 | 10.6 | 4.8 | -8.0 | -5.8 | -1.7 | 6.6 | 1.2 |
| Стручни, научни и технички дејности | 2.8 | 6.0 | 5.4 | 12.4 | 8.4 | -1.2 | 1.2 | 1.2 | 8.3 | 4.6 |
| Административни и помошни услужни дејности | -6.6 | -5.1 | -1.8 | -2.6 | -10.0 | -10.3 | -9.4 | -5.7 | -6.2 | -13.1 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјано осигурување | -0.2 | -0.8 | -0.2 | 1.6 | -0.2 | -4.1 | -5.2 | -4.1 | -2.1 | -3.7 |
| Образование | 4.2 | -0.5 | -0.4 | -0.5 | -1.0 | 0.1 | -5.0 | -4.3 | -4.1 | -4.4 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | -1.2 | 0.6 | 0.4 | 0.3 | 2.3 | -5.1 | -3.9 | -3.6 | -3.4 | -1.3 |
| Уметност, забава и рекреација | 6.8 | 7.2 | 7.5 | 10.3 | 9.0 | 2.6 | 2.4 | 3.3 | 6.3 | 5.2 |
| Други услужни дејности | 19.0 | 26.5 | 26.3 | 41.4 | 23.4 | 14.3 | 20.8 | 21.3 | 36.2 | 19.1 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*ДЗС почнувајќи од јануари 2011 година податоците за платите ги објавува според НКД Рев.2. Податоците од новата класификација не се споредливи со расположливите податоци од старата класификација.

## Табела 4

### ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО И ОСТАНАТИ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | Најнови податоци | | | | кумулатив 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Кв.1** | **Кв.2** | **Кв.3** | **Кв.4** | **Кв.1** | **Кв.2** | **Кв.3** | **Јуни-11** | **Јули-11** | **Авг-11** | **Сеп-11** | |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ | 5.0 | -0.9 | 1.8 | -0.5 | 1.5 | 2.1 | 3.8 | 5.1 | 5.3 | - | - | - | - | - | 5.2 |
| Индустриско производство | 5.1 | -8.7 | -4.8 | -9.3 | -0.9 | -3.6 | -6.0 | 13.8 | 5.3 | 1.4 | -1.8 | 5.5 | 0.9 | -2.3 | 6.3 |
| Градежништво | 25.6 | 13.7 | 14.9 | 7.6 | -7.4 | 35.9 | 20.3 | 61.8 | 60.0 | - | 70.2 | 8.3 | 15.5 | - | 42.4 |
| Трговија | 11.8 | -7.4 | 7.3 | 3.9 | 6.1 | 9.0 | 9.5 | 12.4 | 6.9 | - | 6.9 | 3.6 | 4.0 | - | 7.9 |
| Телекомуникации | 8.9 | 6.6 | 18.3 | 17.3 | 18.8 | 15.9 | 21.2 | 13.2 | 16.6 | - | 19.1 | 16.9 | 17.9 | - | 15.6 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 5

### СЕЛЕКТИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | септември 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | | |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | *промена, %* | *придонес, п.п.* |
| Рударство и вадење на камен | 9.4 | -12.4 | -3.8 | -6.4 | -0.4 | 5.1 | -12.5 | 7.9 | 14.6 | -5.2 | -8.6 | -0.4 |
| Производство на прехранбени производи | 7.6 | -2.3 | 2.8 | 3.2 | 0.4 | 7.3 | 0.5 | -3.8 | 0.8 | -6.0 | -15.7 | -2.4 |
| Производство на пијалаци | 9.9 | -0.3 | -9.2 | -8.4 | -9.2 | -3.5 | -14.2 | -17.4 | -16.5 | -9.7 | 2.0 | 0.1 |
| Производство на тутунски производи | 1.9 | -3.2 | 19.6 | 15.4 | -14.0 | 29.0 | 66.4 | 1.3 | 43.1 | 21.8 | 24.1 | 2.1 |
| Производство на облека | -20.0 | -11.8 | -4.7 | -5.4 | 1.8 | -10.6 | -3.8 | 35.2 | 26.4 | 11.3 | 15.4 | 1.0 |
| Печатење и продукција на снимени медиуми (записи) | 57.3 | 26.8 | -34.2 | -52.8 | -44.7 | -17.1 | -14.5 | 8.6 | 6.4 | -15.7 | -30.3 | -1.0 |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | 1.6 | -8.9 | -6.2 | -46.9 | 14.8 | 19.6 | 14.5 | 43.0 | -46.2 | -23.0 | 34.2 | 0.1 |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 25.2 | -13.2 | -2.8 | -4.8 | 4.4 | -6.1 | -4.7 | 11.0 | 5.1 | 5.0 | 8.3 | 0.2 |
| Производство на други неметални минерални производи | -3.0 | -12.1 | -14.2 | -25.8 | -21.8 | -2.1 | -7.8 | 13.1 | 14.5 | 11.4 | 13.6 | 0.9 |
| Производство на метали | -5.3 | -43.0 | 31.8 | 46.4 | 24.2 | 31.4 | 30.0 | 34.0 | 11.1 | 7.7 | -9.7 | -1.3 |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 52.0 | 38.8 | -53.5 | -52.7 | 23.3 | -62.4 | -62.5 | 30.8 | -11.0 | -29.7 | -22.7 | -1.3 |
| Производство на електрична опрема | 27.8 | -24.8 | -43.2 | -69.7 | -58.1 | -15.3 | -5.3 | 2,9 пати | 2,9 пати | 2,2 пати | 57.5 | 1.5 |
| Производство на останата опрема за транспорт | -18.4 | -46.4 | 44.5 | 5.5 | 45.4 | 26.9 | 93.8 | 3,6 пати | 79.2 | 2,2 пати | 48.0 | 0.9 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -3.1 | 8.7 | 14.4 | 19.1 | 38.5 | 6.9 | -3.8 | -3.1 | -21.6 | -16.7 | -18.8 | -1.6 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 6

### ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | Најнови податоци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Јун-11 | Јул-11 | Авг-11 | Сеп-11 |
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| Промет во трговија на мало* | 3.1 | -2.9 | 2.2 | 0.9 | 1.5 | 4.4 | 1.7 | 31.4 | 1.5 | - | 3.1 | 5.3 | 6.1 | - |
| Приходи од ДДВ* | 1.4 | -1.9 | 5.4 | -0.1 | 23.1 | 6.0 | -4.2 | 15.1 | -0.5 | 7.3 | 10.9 | -1.3 | 15.0 | 11.6 |
| Увоз на стоки за широка потрошувачка* | 7.9 | -5.3 | 10.1 | 2.4 | 16.2 | 20.3 | 2.3 | 2.1 | -3.0 | -7.5 | -1.9 | -10.4 | -4.0 | -7.8 |
| Домашно производство на потрошни добра | 5.8 | -4.6 | -1.8 | -5.8 | -7.5 | 2.5 | 2.7 | 8.2 | 16.4 | 3.9 | 19.0 | 15.1 | -2.7 | -1.2 |
| Кредити на население* | 31.8 | 4.0 | 2.2 | -0.4 | 0.8 | 2.1 | 2.2 | 1.4 | 2.8 | 3.9 | 2.8 | 3.8 | 3.9 | 4.0 |
| Просечна нето-плата* | 1.9 | 10.7 | 1.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | -3.1 | - | -0.7 | -1.2 | -1.7 | - |
| Приватни нето-трансфери* | -12.5 | 16.4 | 22.2 | 105.5 | 30.6 | 3.3 | 0.5 | -7.7 | -12.8 | - | -14.4 | -3.4 | 1.3 | - |
| Пензии* | 8.4 | 9.5 | 1.1 | 2.5 | 2.1 | 0.0 | 0.0 | -0.9 | -0.2 | 0.2 | -0.3 | 0.9 | -0.4 | 0.1 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 7

## ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | Најнови податоци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Јун-11 | Јул-11 | Авг-11 | Сеп-11 |
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | |
| Увоз на средства за работа* | 22.3 | -6.4 | -14.8 | -35.5 | -12.4 | 1.7 | -9.6 | 8.5 | 13.6 | 6.7 | -9.4 | 2.6 | 14.3 | 2.6 |
| Извршени градежни работи* | 16.3 | 14.9 | 12.9 | 7.1 | -8.4 | 33.5 | 17.0 | 55.4 | 52.8 | 8.0 | 63.4 | 4.4 | 11.5 | - |
| Домашно производство на капитални производи | -1.0 | -23.1 | -10.8 | -27.7 | -5.9 | -12.7 | 5.1 | 64.5 | 44.7 | 43.0 | 17.5 | 26.1 | 55.0 | 48.1 |
| Државни капитални инвестиции* | 36.7 | -32.3 | 12.4 | 24.0 | -26.4 | 73.8 | -1.5 | 18.9 | 70.8 | -16.5 | 52.4 | -17.7 | -11.0 | -19.1 |
| Странски директни инвестиции* | 3.9 | -22.6 | -21.8 | -62.5 | -83.4 | 23.2 | 380.0 | 591.8 | 37.2 | 377.1 | 224.2 | 376.1 | 98.0 | - |
| Долгорочни кредити на претпријатија* | 25.9 | 8.6 | 9.1 | 4.5 | 7.8 | 8.8 | 9.1 | 10.3 | 12.9 | 11.5 | 12.9 | 11.8 | 12.3 | 11.5 |
| Залихи на готови производи | -5.6 | -2.1 | -3.3 | -6.8 | -18.0 | -6.7 | -5.8 | 6.0 | 19.5 | 18.2 | 12.7 | 18.2 | 14.9 | 21.8 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 8

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Централен буџет и буџети на фондови)

| *во милиони денари* | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | Вкупно 2010 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | 2011 Кв.3 | Јан-Сеп 2011 | годишни стапки на промени во 2011 година (во %) Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Јан-Септ | процент на реализација Јан-Септ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***29,521*** | ***32,322*** | ***36,134*** | ***34,173*** | ***132,150*** | ***31,422*** | ***36,042*** | ***34,392*** | ***101,856*** | ***6.4*** | ***11.5*** | ***-4.8*** | ***4.0*** | ***68.6*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **25,295** | **28,151** | **29,176** | **29,818** | **112,440** | **27,332** | **29,519** | **30,461** | **87,312** | **8.1** | **4.9** | **4.4** | **5.7** | **71.4** |
| Даноци | 16,009 | 18,528 | 19,209 | 19,192 | 72,938 | 18,002 | 19,411 | 20,247 | 57,660 | 12.4 | 4.8 | 5.4 | 7.3 | 72.5 |
| Персонален данок на доход | 2,111 | 2,116 | 2,085 | 2,560 | 8,872 | 2,242 | 2,325 | 2,288 | 6,855 | 6.2 | 9.9 | 9.7 | 8.6 | 68.3 |
| Данок на добивка | 879 | 623 | 1,154 | 1,034 | 3,690 | 920 | 1,496 | 731 | 3,147 | 4.7 | 140.1 | -36.7 | 18.5 | 86.5 |
| ДДВ | 8,204 | 9,734 | 9,929 | 9,827 | 37,694 | 9,834 | 10,140 | 11,037 | 31,011 | 19.9 | 4.2 | 11.2 | 11.3 | 75.2 |
| Акцизи | 3,140 | 3,542 | 4,304 | 3,939 | 14,925 | 3,423 | 3,687 | 4,326 | 11,436 | 9.0 | 4.1 | 0.5 | 4.1 | 71.9 |
| Увозни давачки | 953 | 1,772 | 903 | 1,084 | 4,712 | 809 | 950 | 1,027 | 2,786 | -15.1 | -46.4 | 13.7 | -23.2 | 48.8 |
| Други даноци | 722 | 741 | 834 | 748 | 3,045 | 774 | 813 | 838 | 2,425 | 7.2 | 9.7 | 0.5 | 5.6 | 80.8 |
| Придонеси | 9,109 | 9,463 | 9,771 | 10,344 | 38,687 | 9,138 | 9,962 | 10,063 | 29,163 | 0.3 | 5.3 | 3.0 | 2.9 | 68.9 |
| Фонд за ПИОМ | 6,162 | 6,385 | 6,613 | 6,977 | 26,137 | 6,188 | 6,740 | 6,792 | 19,720 | 0.4 | 5.6 | 2.7 | 2.9 | 68.9 |
| Агенција за вработување | 400 | 400 | 412 | 439 | 1,651 | 388 | 425 | 434 | 1,247 | -3.0 | 6.3 | 5.3 | 2.9 | 70.7 |
| Фонд за здравствено осигурување | 2,547 | 2,678 | 2,746 | 2,928 | 10,899 | 2,562 | 2,797 | 2,837 | 8,196 | 0.6 | 4.4 | 3.3 | 2.8 | 68.6 |
| **Неданочни приходи** | **3,703** | **3,020** | **6,284** | **3,563** | **16,570** | **2,995** | **3,648** | **3,408** | **10,051** | **-19.1** | **20.8** | **-45.8** | **-22.7** | **62.5** |
| **Капитални приходи** | **268** | **331** | **227** | **333** | **1,159** | **532** | **2,495** | **182** | **3,209** | **98.5** | **653.8** | **-19.8** | **288.5** | **55.1** |
| **Странски донации** | **201** | **648** | **281** | **329** | **1,459** | **231** | **277** | **202** | **710** | **14.9** | **-57.3** | **-28.1** | **-37.2** | **18.8** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **56** | **173** | **166** | **130** | **525** | **332** | **103** | **139** | **574** | **492.9** | **-40.5** | **-16.3** | **45.3** | **143.5** |
| ***ВКУПНИ РАСХОДИ*** | ***33,625*** | ***34,293*** | ***36,644*** | ***38,130*** | ***142,692*** | ***35,148*** | ***40,048*** | ***36,051*** | ***111,247*** | ***4.5*** | ***16.8*** | ***-1.6*** | ***6.4*** | ***69.5*** |
| **Тековни трошоци** | **30,396** | **31,563** | **31,703** | **33,696** | **127,358** | **31,133** | **35,164** | **31,778** | **98,075** | **2.4** | **11.4** | **0.2** | **4.7** | **70.6** |
| Плати и надоместоци | 5,751 | 5,636 | 5,588 | 5,663 | 22,638 | 5,755 | 5,773 | 5,821 | 17,349 | 0.1 | 2.4 | 4.2 | 2.2 | 74.4 |
| Стоки и услуги | 3,728 | 3,179 | 3,785 | 3,989 | 14,681 | 3,497 | 3,716 | 3,023 | 10,236 | -6.2 | 16.9 | -20.1 | -4.3 | 59.8 |
| Трансфери | 20,687 | 22,086 | 20,960 | 23,132 | 86,865 | 21,523 | 24,938 | 21,392 | 67,853 | 4.0 | 12.9 | 2.1 | 6.5 | 71.1 |
| Социјални трансфери | *15,620* | 15,931 | 16,079 | 16,156 | 63,786 | 15,931 | 17,203 | 16,665 | 49,799 | 2.0 | 8.0 | 3.6 | 4.6 | 71.7 |
| Други трансфери | 4,794 | 5,829 | 4,502 | 6,718 | 21,843 | 5,419 | 7,524 | 4,509 | 17,452 | 13.0 | 29.1 | 0.2 | 15.4 | 69.5 |
| Каматни плаќања | 231 | 661 | 1,370 | 912 | 3,174 | 358 | 737 | 1,542 | 2,637 | 55.0 | 11.5 | 12.6 | 16.6 | 85.4 |
| Камати по домашен долг | 99 | 464 | 185 | 271 | 1,019 | 196 | 444 | 224 | 864 | 98.0 | -4.3 | 21.1 | 15.5 | 85.6 |
| Камати по надворешен долг | 131 | 198 | 1,185 | 641 | 2,155 | 162 | 293 | 1,318 | 1,773 | 23.7 | 48.0 | 11.2 | 17.1 | 85.3 |
| Гаранции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | | | | | |
| **Капитални трошоци** | **3,229** | **2,730** | **4,941** | **4,434** | **15,334** | **4,015** | **4,884** | **4,273** | **13,172** | **24.3** | **78.9** | **-13.5** | **20.8** | **62.7** |
| Инвестиции во постојани средства | 2,387 | 1,816 | 3,623 | 3,301 | 11,127 | 3,358 | 3,793 | 3,324 | 10,475 | 40.7 | 108.9 | -8.3 | 33.8 | 63.5 |
| Капитални трансфери | 843 | 914 | 1,318 | 1,133 | 4,208 | 657 | 1,091 | 949 | 2,697 | -22.1 | 19.4 | -28.0 | -12.3 | 59.9 |
